Бр. 05-580/11
16.4.2024 година
Скопје

Врз основа на член 9 од Одлуката за составот и надлежностите на комисиите на Ректорската управа (Универзитетски гласник бр. 661/2023), Комисијата за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 16.4.2024 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за утврдување цени за издавање на диплома и додаток на диплома

### Член 1

Цената за издавање дипломи на студенти кои завршиле на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, изнесува:

- за прв циклус на академски студии (додипломски студии) и прв циклус на стручни студии, се утврдува во бруто износ од 3,000.00 денари, за една диплома;
- за втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии се утврдува во бруто износ од 3,000.00 денари, за една диплома;
- за интегрирани академски студии од прв и втор циклус на студии – 3,000.00 денари, за една диплома;
- за издавање дипломи на англиски јазик за прв циклус и втор циклус на студии се утврдува во бруто износ од 8,000.00 денари, за една диплома.

### Член 2

Цената за издавање дупликат дипломи на студенти кои завршиле на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за сите циклуси на студии се утврдува во бруто износ од 2,500.00 денари, за една диплома.

### Член 3

Цената за издавање на диплома по итна постапка за стекнато високо образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, изнесува:

- за прв циклус на академски студии (додипломски студии) и прв циклус на стручни студии - 5,000.00 денари;
- за втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии - 5,000.00 денари;
- за интегрирани академски студии од прв и втор циклус на студии – 5,000.00 денари;
- за трет циклус академски студии - докторски студии (без промоција) – 10,000.00 денари.

### Член 4

Цената за додаток на диплома за стекнато високо образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за сите циклуси на студии изнесува 1,000.00 денари.

### Член 5

Средствата добиени од издавање дипломи претставуваат приходи на сопствената сметка на Универзитетот, а ги уплаќаат единиците на Универзитетот.

**Член 6**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за утврдување цена за издавање дипломи бр. 05-169 од 14.2.2005 година; Одлуката за утврдување на продажната цена на додаток на диплома што ја издава Универзитетот „Св. Кирил и методиј“ во Скопје бр. 05-1028 од 20.11.2013 година и Одлуката занадомест за издавање диплома по итна постапка бр. 05-706/2 од 17.6.2022 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува со примената на Анексот 1 на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019 и бр. 607/2022).

**Комисија за финансии, инвестиции и развој
на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Претседател**

**Проф. д-р Лазо Пендовски**